**ЗАПИСНИК**
**од 41-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 29.12.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Д. Довлева, м-р Арбен Саити, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.12.2016 година.
2. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп.
3. Предлог-одлука за набавка од мала вредност: Набавка на софтверски пакет за заштита на компјутери (Анти вирус).
4. Разно

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа предложениот записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.12.2016 година.

Г-дин Фиданоски, даде своја забелешка која се наоѓаше на страница 8 од вкупниот материјал за седницата, конкретно на страна 7 од записникот. Имено во последниот ред од страницата, пред зборовите „светлото на денот" предложи да се додаде зборот „кои",

а по тие зборови да се избрише зборот „тие“, бидејќи со дадените корекции реченицата ќе добие смисла. Рече дека тоа претставува една минимална забелешка, но во однос на содржината на целиот записник, рече дека тој е одлично срочен и на Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата му порача со таков начин на работа да продолжи и во иднина.

Советот, со забелешките од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Записникот од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.12.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп. Објасни дека во текот на декември 2016 година, Одделението за стратешко планирање изврши проверка на податоците во интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, со цел да се констатира на кои други трговски друштва се јавуваат како основачи, основачите на радиодифузерите и носителите на функции на управување, односно управителите на радиодифузерите. Тоа е со цел, да се обезбеди следење на усогласеноста на работењето на радиодифузерите со одредбите од членот 37 кој се однесува на ограничувањата за стекнување сопственост кај радиодифузерите и членот 39 за недозволена медиумска концентрација. Со оваа проверка, таква недозволена состојба беше констатирана кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп и рече дека тоа претставува основа за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-587 од 27.12.2016 година и едногласно донесе Одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, кај кое носител на функцијата управител е физичкото лице Рубинче Крстески, кое што се јавува како основач на Друштвото за маркетинг, услуги и трговија МЕГА МЕДИА увоз-извоз ДОО Прилеп чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 73.11 – Агенција за маркетинг, а која според Националната класификација на дејности спаѓа во групата Маркетинг (реклама и пропаганда), што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и што претставува основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност, со текст како што беше предложена. Исто така додаде дека радиодифузерот, во рок од 45 дена од приемот на одлуката, треба да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работ, м-р Арбен Саити, ја образложи Предлог-одлуката за набавка од мала вредност: Набавка на софтверски пакет за заштита на компјутери (Анти вирус).

Г-дин Петрушевски, рече дека има една потенцијална забелешка во содржината на материјалот по оваа точка. Имено во насловот е кажано дека се работи за набавка од мала вредност, но во самиот текст на предлогот, барањето до директорот и во одлуката, никаде тоа не се споменува. Можеби е добро, рече, во содржината да се вгради, дека покрај тоа што оваа набавка е од мала вредност и дека се употребува членот 11 од Законот за јавни набавки, кој укажува дека Законот за јавни набавки не важи ако набавката е помала од 500 евра во денарска против вредност без ДДВ. Додаде дека во овој случај се работи токму за таква јавна набавка.

Г-дин Трајчевски, по дискусијата, предложи Одлуката да се коригира во согласност со забелешките од г-дин Петрушевски.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-6679/2 од 28.12.2016 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на софтверски пакет за заштита на компјутери – Анти-вирус, со која се одобруваат финансиски средства (во износ од 30.595,00 денари без пресметан ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.529,75 денари – вкупната цена со вклучен ДДВ изнесува 32.124,75 денари), според доставената и избрана понуда, бр.05-6706/1 од 27.12.2016 година, од страна на Друштво за производство, трговија, услуги и компјутерски консалтинг „ИСКОН РЕШЕНИЈА“ ДОО, експорт - импорт Скопје, која беше финансиски најповолна за Агенцијата.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.**02-114/1
05.01**2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**